совет за етика во
медиумите на македонија

01.09.2016г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Државната комисија за спречување на корупцијата, за текстот со наслов "Скандал: Според Андонова Албанците се "инвалиди за да се вработат во ДКСК, албанските членови "спијат"!" објавен на 01.06.2016 година, во 14 часот и 47 минути, на Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk)**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10, 11 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политика...)."*

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Член 11.

*"Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија (...)."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 03.06.2016 година, Претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата, д-р Игор Тантуровски, поднесе жалба за текстот со наслов "Скандал: Според Андонова Албанците се "инвалиди за да се вработат во ДКСК, албанските членови "спијат"!" објавен на 01.06.2016 година, во 14 часот и 47 минути, на Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk).

Во жалбата се наведува дека Државната комисија за спречување на корупцијата реагира и најостро ги осудува наводите содржани во насловот и во текстот кои се насочени кон ширење невистини и меѓуетничка омраза и дискредитација на ДКСК. Во образложението на жалбата се вели дека во информацијата која ДКСК ја дала на zhurnal.mk на нивно барање, а се однесувала на вработувањата во ДКСК, биле дадени податоци од официјалниот записник на Комисијата за вработување и во текстот никаде не бил употребен зборот "Албанци", ниту бил употребен зборот "инвалиди", а најмалку имало цел да се изрече навреда кон некого. Се вели дека портпаролката Андонова не пренесувала лични ставови, туку тоа биле ставови на ДКСК. Во жалбата е наведено дека ДКСК бара од авторот на споменатиот текст, главниот и одговорен уредник и од zhurnal.mk да се оградат од текстот и да се извинат на ДКСК, а посебно на членовите на ДКСК кои се прозвани во текстот и на портпаролката за објавените наводи, со кои се дискредитира личниот интегритет и углед, како и угледот на институцијата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Инернет порталот Журнал и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот Интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и:

**Член 10 ст. 2 од Европската конвенција за човекови права** во кој се вели дека остварувањето на овие слободи (слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи), коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени форалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

***

На седницата на 12.08.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Државната комисија за спречување на корупцијата и направи увид во наведениот текст.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Скандал: Според Андонова Албанците се "инвалиди за да се вработат во ДКСК, албанските членови "спијат"!" објавен на 01.06.2016 година, во 14 часот и 47 минути, на Интернет порталот Журнал, прекршен е член 1, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. **Секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или изводоци. Новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот.**

Комисијата констатира дека е прекршен член 10 од Кодексот, според кој етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот

збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омразата е неспоив со новинарската етика. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Понатаму, членовите на Комисијата најдоа дека е прекршен член 11, според кој јазикот на новинарите секогаш треба да биде одмерен и неутрален, наспроти оној што нуди готови заклучоци и судови и е или се граничи со говорот на омраза.

Комисијата најде дека е прекршен и член 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти, а што коментар, претпоставка или став на авторот, за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски и Теофил Блажевски.

**Се обврзува Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595